( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 04. 12. 2025
Орг.Един: 11 | Број: 177 | Прилог: | Вредност:

Општина Битола

**До:** ______________________________

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

______________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Одлуката за распределба на средства по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, како наменски дотации на општините за 2022, 2023, 2024 година
2. Програмата и предлог проектите на општина Битола за управување со животната средина која е донесена врз основа на Одлуката за распределба на средства по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, како наменски дотации на општините за 2022, 2023, 2024 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-177/2
05.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-177/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:
05.12.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-1140/2 од 05.12.2025г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 16. 12. 2025
Орг. Един: 11 Број: 177/3

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со барањето бр.11-177/2 од 05.12.2025г. доставено до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, кое се однесува на потреба од информација за Одлуката за распределба на средства по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, како наменски дотации на општините за 2022, 2023 и 2024г.,
Ве известуваме дека Владата на РСМ во 2024г донесе Одлука за распределба на средства по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, како наменски дотации за 2022г. и истата е објавена во Сл.весник на РСМ бр.189 од 11.09.2024г, а за 2023г и 2024г. нема Одлука.
Предлогот на проектите на општина Битола по основ на оваа одлука за 2022г е содржана во Програмата за наменско трошење на определени средства во областа на управување со животна средина,по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива и истата Ви ја доставуваме во прилог.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА II

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со член 21 и чл.29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“бр.64/05, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 08.11.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за Наменско трошење на определени средства во областа на управување со животната средина, по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски додатоци на општините за 2022 година

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2024 година а планираните средства на оваа програма изнесуваат **8.917.301,00 денари**.

Средствата во висина од **8.917.301,00 денари** се определени со Одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2022 година, бр. 41-3825/4 од 03.09.2024 година, донесена од Влада на Република Северна Македонија, објавена во „Службен Весник на РСМ“ бр.189 од 11.09.2024 година.

Средствата во висина од **8.917.301,00 денари** се распределуваат на следниот начин:

Планираните средства од оваа програма во износ од **3.540.338,00 денари** се однесуваат на **Изградба на фекална канализациона мрежа на ул.„Леринска“ Општина Битола,**

Планираните средства од оваа програма во износ од **5.376.963,00** денари се однесуваат на дел од **Реконструкција на фекална канализациона мрежа на ул „Стив Наумов“ – Општина Битола,**

Динамиката на реализацијата на целата програма, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот на Општината и Комисијата за јавни и комунални дејности а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Битола,
- Прераспределувањето на средствата потребни за реализација на оваа програма ќе се изврши со ребаланс на буџетот на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-134/12
08.11.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-177/4
17.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **04.12.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-177/2025** од **04.12.2025 година**, во врска со информации во врска со Одлуката за распределба на средства по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива,наменски дотации на општините за 2022,2023,2024 година,програмата и предлог проектите на општина Битола за управување со животната средина која е донесена врз Одлуката за распределба на средства за надоместок за производство на енергија од фосилни горива како и наменски дотации на општините за 2022,2023,2024 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **11-177/2025** на ден **04.12.2025** година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со Одлуката за распределба на средства по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива,наменски дотации на општините за 2022,2023,2024 година,програмата и предлог проектите на општина Битола за управување со животната средина која е донесена врз Одлуката за распределба на средства за надоместок за производство на енергија од фосилни горива како и наменски дотации на општините за 2022,2023,2024 година.

.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-177/1 од 04.12.2025.
2. Допис до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште бр.11-177/2 од 05.12.2025.
3. Одговор од Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште бр.177/3 од 10.12.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 17.12.2025 година, под бр. 11-177/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА